# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ КЛАСИЧНА АРХЕОЛОГИЈА: ГРЧКА И РИМСКА КУЛТУРА, РИМСКА ПРОВИНЦИСКА КУЛТУРА И ТЕОРИЈА НА АРХЕОЛОГИЈАТА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1602-46/13 од 3.2.2016 година донесена на 91. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 03.02.2016 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна област Класична археологија: грчка и римска култура, римска провинциска култура и Теорија на археологијата на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ од 21.12.2015 година и во предвидениот рок се пријавија: д-р Љубен Тевдовски, д-р Славица Бабамова Јаниќ, д-р Лидија Ковачева.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Љубен Тевдовски** е роден на 26 јули 1979 година во Скопје. Основно образование завршува во основното училиште „Јохан Хајнрих Песталоци“, а средното образование го стекнува во гимназијата „Раде Јовчески Корчагин“ во Скопје. Во овој период се вклучува во средношколското организирање и како претставник на средношколците од Република Македонија е активен учесник во работата на европските институции и партнер организации од областа на образованието.

Во 2006 година дипломира со просек 9,25 на Институтот за историја на уметноста со археологија на Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Во 2008 година магистрира со просек 9,45 на Универзитетот на Малта во Валета, Малта. Темата на магистерскиот труд е „*Културната дипломатија - општа и компаративна студија со фокус на Македонија*“. Во 2009 година започнува со работа на својата докторска дисертација на Институтот за историја на уметноста со археологија на Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Темата на докторската дисертација е „*Археологијата и археолошкото наследство во меѓународните односи – општа и компаративна студија со фокус на Македонија*“, со која се стекнува со научен степен доктор на науки во јуни 2015 година.

Полни седумнаесет години д-р Љубен Тевдовски е активно вклучен во активности, проекти и иницијативи во областа на културата и културното наследство во Република Македонија, на европско и светско ниво. Од 1999 година, кога бил претставник на Република Македонија на повеќе сесии во рамките на Годишното собрание на УНЕСКО, Тевдовски е вклучен на проекти и активности иницирани или финансирани од оваа светска организација, а ја претставувал Република Македонија, повеќе образовни и граѓански организации во рамките на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа, Централно-европската иницијатива, Процесот за соработка во Југоисточна Европа, Франкофонијата и Советот на Европа.

Д-р Тевдовски извршувал повеќе значајни јавни функции, помеѓу кои и: заменик-директор на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија, одговорен за документација и подготовка на музејските материјали; советник за јавна и културна дипломатија на Претседателот на Република Македонија; амбасадор на Република Македонија во Канада; раководител на Секторот за креирање и следење на национални приоритети во Министерството за надворешни работи на Република Македонија и други.

Д-р Тевдовски бил член на Работната група за образование и култура за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство на Република Македонија во Европската унија. Тој одржува контакти и соработка со раководството на меѓународниот комитет на Синиот штит, задолжено да го штити културното наследство во услови на војни и природни катастрофи.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

1. Доктор на науки од соодветната научна област: доктор по археологија.
2. Има остварено просечен успех од најмалку 8 на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно. Кандидатот има остварено просек 9,25 во прв циклус студии и 9,45 во втор циклус студии.
3. Објавени повеќе од четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија, како и меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | д-р Љубен Тевдовски | “The Congress of Vienna: Archaeology, Nationalism and the Values of the Modern World” | Политичка мисла Political Thought | Тринаесет (13) години |
| 2 | д-р Љубен Тевдовски д-р Зоран Илиевски | “French revolution, archaeology and their imprints in the contemporary French and European identity “ | Horizons ISJ Научно Списание Хоризонти | Десет (10) години |
| 3 | д-р Љубен Тевдовски | „Between Classical Archaeology and Neo-orthodoxy – the Transformations, Identities and Challenges of the Political Elites in Contemporary Greece” | Политичка мисла Political Thought | Тринаесет (13) години |
| 4 | Ljuben Tevdovski, PhD д-р Љубен Тевдовски | “ The New Place and Understanding of Archaeology in the Context of Post-modern Science and Post-modern World” | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR) | Шест (6) години |
| 5 | Ljuben Tevdovski, PhD д-р Љубен Тевдовски | “Archaeology in the International Cultural Strategies of South Korea” | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR) | Шест (6) години |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Љубен Тевдовски е активен чинител во општествениот дијалог и стручните дискусии за тенденциите на образованието во Европа и европските реформи во образовниот систем во Република Македонија од 1998 година. Тој бил предавач на повеќе факултети, образовни институции, фондации и меѓународни форуми од областа на културата, археологијата, културното и археолошкото наследство, како и нивната интеракција со современите општествени и социјални трансформации. Во периодот од 2006 до 2009 година учествува во развојот и подготовката на курикулумите на Дипломатската академија на Министерството за надворешни работи на Република Македонија, каде што бил и предавач на предметот Јавна дипломатија и во областа на јавната и културната дипломатија.

Од 2009 година е вработен на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде што е одговорен за развој на образовните програми и можности за доживотно учење. Д-р Тевдовски бил вклучен во повеќе проекти и иницијативи на европско ниво на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за размена на знаење и апликација на нови образовни методи и содржини.

Д-р Тевдовски соработува и публикува во повеќе македонски и меѓународни списанија, а за своите анализи и проучувања бил повеќекратно консултуран и застапен од страна на домашни и меѓународни медиуми. Тој е автор на повеќе книги, прирачници и трудови, а своите научни согледувања ги презентирал и на научни форуми и конференции во земјава и во странство.

*Кратка евалуација на научни и стручни трудови*

1. "French revolution, archaeology and their imprints in the contemporary French and European identity " – Horizons ISJ, Bitola, Republic of Macedonia, 2015

Трудот претставува сериозна научна анализа на развојот на археолошката наука и влијанието на класичната археологија и нејзините основни постулати врз основните наративи на современите европски национални и наднационални идентитети. Ставајќи го во поширок историски и антрополошки контекст раниот развој на археолошката наука, трудот ги следи дел од најактуелните фокуси во современите теории во археологијата. На овој начин тој успева да ги лоцира општествените влијанија кои придонеле кон погрешните претпоставки на раниот професионален развој на археологијата и особено на класичната археологија.

2. "The New Place and Understanding of Archaeology in the Context of Post-modern Science and Post-modern World" – IJSBAR International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 2015

Трудот претставува значаен придонес кон теоријата и современите научни дебати во археологијата. Тој ја исправа археолошката наука, нејзините класични традиции и наследен евроцентризам пред судот на современите авто-рефлективни анализи на пост-модерните тенденции во општествените науки.

3. "The Congress of Vienna: Archaeology, Nationalism and the Values of the Modern World" – Political Thought, Skopje, Republic of Macedonia, 2015

Трудот се задржува на идејните трансформации во Европа и светот од почетокот на деветнаесеттиот век поврзувајќи дел од основните принципи на класичната археологија со процесите на развој на современите нации и држави. Една од основните премиси на трудот е дека партикуларизираниот мултиполарен свет креиран на Виенскиот конгрес претставувал основна геополитичка и идеолошка инфраструктура за развојот на класичната археологија и археологијата на деветнаесеттиот век. Трудот успешно поставува паралела помеѓу идејните основи на национализмот и изградбата на хомогенизирани етно-култури во рамките на постојните и новонастанатите политички ентитети во деветнаесеттиот век од една страна и идеализираните класични етноси и култури, како Римјаните, Грците и други етноними со кои оперирале класичната лингвистика, а подоцна и класичната археологија.

4. "Some Aspects of the History and Theory of Classical Archaeology" – IJSBAR, International Journal of Sciences: Basic and Applied Research

Трудот е теоретска анализа за развојот и перспективите на класичната археологија. Тој прави сериозен осврт кон професионалната историја на класичната археологија, ставајќи ја под прашање компатибилноста на нејзините основни постулати со современите научни погледи за повеќеслојниот карактер на културата, идентитетот, економските односи и останатите општествени димензии во минатото и сегашноста. Најпосле, трудот ги спротивставува некои од тезите и научните фокуси на класичната археологија со оние на новоактуализираните научноистражувачки текови во археологијата, а пред сѐ со тенденциите нарекувани „нова археологија".

5. "Learning Archaeology and History for the Future - The socio-political impact of the new scientific and educational views on classical archaeology" - FES – proceedings from the international conference, Shtip, Republic of Macedonia, 2015

Во трудот се презентирани погледи за местото и улогата на археологијата и историјата во современиот образовен процес. Анализирани се одредени промени во методолошкиот пристап на археолозите, кои произлегуваат од пресогледувањето на својот професионален идентитет и професионална историја, но и дел од основните научни премиси на класичната археологија, праисториската археологија и други археолошки традиции.

6. "Archaeology in the International Cultural Strategies of South Korea"- IJSBAR, International Journal of Sciences: Basic and Applied Research

Трудот го анализира значајното место на археологијата во културните политики, но и поширокиот склоп на креирање политики, себепоимање и себепрезентирање на Јужна Кореја. Тој има за цел да покаже дека европските традиции и принципите на креирање на идентитетите и политиките под влијание на археологијата фатиле толку цврст корен во неевропските средини, како Далечниот Исток, што тие феномени во современието можат да се третираат како неексклузивни и глобални.

7. "The New Role of Culture, History and Archaeology in the Globalised World of Perceptions " – CLPRMK proceedings, Shtip, Republic of Macedonia, 2015

Текстот ја воспоставува и успешно аргументира хипотезата дека археологијата и културата, воопшто, во глобализирачкиот свет на периодот по Студената војна се здобиваат со уште позначајно место и одговорност во создавањето и култивирањето на демократска и плурална атмосфера во рамките на општествата и во глобалната заедница. Тој ги анализира паралелно новите трендови во археолошката теорија, како и зајакнатата позиција на археомитовите и поширокиот корпус на историски идентитети, заклучувајќи дека археологијата ќе има значајно влијание и во иднина во изградбата на социјалната-кохезија во рамките на општествата и клима на разбирање и соработка во меѓудржавните односи.

8. "The Re-emerging Traditions of the Cultural Diplomacy of the West" - Iustinianus Primus Law Review, Skopje, Republic of Macedonia, 2015

Трудот е посветен на значењето на културата во изградувањето на меѓународните позиции и меѓународниот углед на големите западни држави. Трудот, истовремено, има за цел да покаже како неконвенционалните актери во надворешната политика, како археолошките тимови или музеите, во конкретни случаи се поефентивни од стандардните носители и пристапи во процесот, и придонесуваат кон подолгорочен ефект на културна блискост помеѓу различните држави и општества.

9. „Културата и идентитетите во теориите за меѓународните односи" – Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје

Трудот претставувал екстензивен прилог кон систематизирањето на растечкото влијание на културата, идентитетите и со нив поврзаните парадигми врз некои од позначајните теории на меѓународните односи, како и во развојот на меѓународната мисла, од раните дебати на реалистите со визиите и утопиите на идеалистите, па сè до современата поделеност на позитивистите и постпозитивистите.

10. "Cultural pluralism: The key component of the contemporary international relations" – Political Thought, Skopje, Republic of Macedonia, 2008

Трудот ги анализира процесите на постојано растечки глобални интеракции и комуникации и местото и улогата на сочуваните вредности и артефакти на локалните, националните и другите култури во нив. Целта на трудот е да се постави прашањето дали културниот плурализам создава дисперзен и нејасен лик на една култура и дали големите културни разлики се пречка или придобивка на глобалниот дијалог.

11. "Culture as Vehicle of Global Dialog" – MFPJ Crossroads, Skopje, Republic of Macedonia, 2008

Трудот прави споредба помеѓу современиот натпревар помеѓу глобализацијата и локалните култури од една страна со оној од класичната антика од друга. Правејќи анализи за влијанито на културната и вкупната глобализација врз затворениот систем на хомогени национални култури, авторот сугерира дека културата може да претставуваа значајна алатка и за промоција и одржување на дијалогот во рамките на различни општества и на интерационално ниво.

12. „Успесите и падовите на принципот на условеност при владеењето на правото во земјите од Западен Балкан" – Европско прво – ГФМПС & ИРЗ Скопје, Република Македонија, 2015

Иако овој текст не покажува блиски врски со археологијата и не е посветен директно на култура, тој ја обработува темата на културен идентитет и менталитет кој директно се вградува во инфраструктурата на одредени општества.

13. “History of Classical Archaeology and its impact on the identity, culture and politics of the European nations” – MJPS E-proceedings of papers, Vol.7 –Macedonian Political Science Forum, Skopje, Macedonia (во печат)

Текстот претставува интересен вовед кон историјата и теоријата на класичната археологија. Тој воспоставува паралелен преглед кон политичко-безбедносните услови и научно-културните услови во централна и северна Европа во раниот 19 век. Целта на текстот сепак не е опис на овој период од минатото, туку одговори за прашањата на национализмот и културниот плурализам во општеството денес, како и влијанието на овие парадигми од 19 век врз современите односи помеѓу европските народи.

14. “The National Myths and Identities in the Balkans through the Influences and Paradigms of the Classical Archaeology” - Macedonian Heritage, Skopje, Republic of Macedonia, 2014-2015 (во печат)

Трудот го претставува процесот на ширење на западните идеи на Балканскиот Полуостров и паралелното навлегување на идеите и парадигмите на класичната археологија и идеите на национализмот. Анализирајќи го влијанието на класичната археологија и археолошките проекти врз конституирањето на националните фабули на балканските народи, авторот ја цени важноста на класичната археологија и за односите помеѓу балканските држави и денес и во иднина.

15. „Between Classical Archaeology and Neo-orthodoxy – the Transformations, Identities and Challenges of the Political Elites in Contemporary Greece” - Political Thought, Skopje, Republic of Macedonia, 2015, (во печат)

Текстот дава преглед на долгорочното и длабоко влијание на класичната археологија и меѓународните археолошки проекти во конституирањето на идентитетот, институциите и менталитетот на современото грчкото општество. Тој претставува значајна анализа за раниот развој и меѓународните димензии на класичната археологија, сепак неговите заклучоци се сместени во сегашноста и иднината. Според авторот, идентитетот закопан во застарените премиси на класичната археологија, како и неоправославните тенденции во општеството, кои често пати се претставувани како дијаметрално спротивни тенденции на грчкото општество, претставуваат единство, погледнати од аспект на реакциите на локалните елити пред големите бранови на културни, економски, демографски и безбедносни трансформации и предизвици на глобализирачкиот свет.

Освен тоа, кандидатот д-р Љубен Тевдовски е автор на научни и стручни книги во областите на својот научен, стручен и апликативен интерес.

1. Cultural Diplomacy – An Essential and Creative Component in the Toolkit of Contemporary Diplomacy – Macedonian Information Centre, Skopje, Macedonia, 2009

Книгата „Културна дипломатија – есенцијална и креативна алатка на современата дипломатија“ обезбедува солидна теоретска и компаративна рамка во рамките на која е направен преглед на учеството на културата и културното наследство во креирањето на надворешните политики на државите во светот. Ова дело прави сублимат помеѓу историскиот развој и современите тенденции опфаќајќи специфични односи, проценки и политики во различните национални реалности на големите, средно-големите и малите држави на повеќе континенти.

2. Developing EVS Projects between Partners from European Union and South East Europe – SALTO –YSEERC, Ljubljana, Slovenia, 2006,

Стручната книга, во која кандидатот д-р Љубен Тевдовски е коавтор заедно со двајца автори од странство, е насочена кон практична примена на конкретни механизми на европските програми на заедниците во насока на размена на искуство и знаења, како и меѓукултурна размена.

3. АРХАИО ДИПЛОМА – Археологијата и археолошкото наследство помеѓу дипломатите и дипломатската пракса – Македонска цивилизација – Скопје, Македонија, 2015, (во печат)

Книгата претставува специфичен пристап кон анализата и систематизацијата на историјата на археолошките истражувања и развојот на различните теоретски пристапи во археологијата. Таа го детектира и анализира значајното место на археолошкиот интерес и археолошките артефакти во дипломатската пракса и животот на истакнатите дипломати

од повеќе земји. Со својот широк историски опфат, од раното ренесансно антикварство, преку раниот развој на археолошката наука, сè до состојбите во втората половина на дваесеттиот век, делото дава преглед и потврда на значењето кое археолошкиот интерес и археолошкото наследство во континуитет го имале во културниот и вкупниот дијалог помеѓу различни елити на европскиот континент и пошироко. Со обемноста на својата специфична фактографија и продлабочените анализи ова дело претставува вонреден научен придонес за археолошката наука, но и поширокта област на општествените науки.

Д-р Љубен Тевдовски е единствениот кандидат на овој конкурс со диплома за доктор по археологија. Краток осврт кон докторската дисертација на кандидатот д-р Љубен Тевдовски:

Докторската дисертација насловена „Археологијата и археолошкото наследство во современите меѓународни односи – општа и компаративна анализа со фокус на Македонија" на четиристотини и триесет страници презентира сеопфатен поглед кон значењето на археолошкиот интерес, археолошката наука и археолошкото наследство за развојот на општествените и културните односи во различни национални и регионални контексти, како и на меѓународно ниво. Таа претставува значајна и екстензивна анализа за професионалната историја и развојот на теоријата на археологијата. Нејзиниот научен фокус е традиционалниот интерес кон археолошкото наследство, класичната традиција и односот на класичниот медитерански свет со модерното и современото. Дисертацијата се задржува и на значајни прашања кои се од особен интерес за теоретичарите на археологијата во последните декади, како односот на археологијата со прашањата и областите на општественото, политичкото, расното, колонијалното или етничкото. Најпосле, дисетацијата ги сумира своите заклучоци и теоретски и компаративни анализи во последното поглавје, кое прави преглед и анализа на политиките и вложувањата во археологијата во Република Македонија, но и конкретни препораки и предлог-политики за идниот развој во оваа област.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Љубен Тевдовски повеќе од една декада соработува со реномирани меѓународни организации и институции на проекти, иницијативи, тренинзи, конференции и фестивали од областа на културата и културното наследство. Помеѓу институциите со кои соработувал, на чии проекти учествувал или ги раководел се УНЕСКО, Меѓународната организација на Франкофонијата, Централноевропската иницијатива, Пактот за стабилност на Југоисточна Европа, Процесот за соработка во Југоисточна Европа, како и меѓународни проекти поддржани од повеќе влади во Европската унија. Тој извршувал и повеќе значајни општествени функции во Република Македонија.

Д-р Тевдовски бил член на Работната група за образование и култура за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство на Република Македонија во Европската унија. Тој е член на Македонското археолошко научно друштво и одржува контакти и соработка со раководството на меѓународниот комитет на Синиот штит, задолжено да го штити културното наследство во услови на војни и природни катастрофи.

***Биографски податоци***

**Д-р Славица Бабамова-Јаниќ** е родена во 1971 год. во Скопје. Дипломира на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје во 1996 год. Постдипломски студии завршува на Институтот за национална историја во Скопје, каде што го одбранува магистерскиот труд „*Македонија во римско време и датирањето на епиграфските споменици според македонската провинциска ера*", во 2004 год. Докторира на Институтот за национална историја во Скопје, а докторската теза е со наслов „Средното Повардарие и источниот дел од Р.Македонија во римско време според епиграфските извори", под менторство на проф. д-р Анета Шукарова.

Од 2003 до 2013 год.работи како кустос за епиграфика и камена пластика во НУ Музеј на Македонија – Скјопје, а од 2014 год. до денес е раководител на Одделот за античка археологија во НУ Археолошки музеј на Македонија.

Од учебната 2014/2015 г. е ангажирана како стручњак од праксата за одржување настава по предметите Антички епиграфски споменици во Р.Македонија и Епиграфските споменици и археологијата при Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје.

Во периодот од 1997 до 2003 год. е соработник во проектот Епиграфски извори за историјата на Античка Македонија, кој се изведува со соработка помеѓу МАНУ, САНУ и Берлинската Брандербуршка академија на науките.

Во рамките на својата научно-стручна работа извршувала теренски епиграфски истражувања: раководител е на проектот „Евидентирање и документирање на антички натписи употребени како сполии во Повардарието“ во 2011 год., а раководител е и на проектот Евидентирање и документирање на антички натписи по горниот тек на Брегалница, во 2013 г. во НУ Музеј на Македонија.

Како стручен соработник учествувала на археолошките истражувања: Скопска тврдина Кале, во 2007, 2009 и 2010 год., Стоби 2008-2010 г. и некрополите на Исар Марвинци во 2009 и 2010 год.

Во 2010 г. била учесник во програмата за размена на експерти од музеите, библиотеките и архивите меѓу Р.Македонија и Баварија, Германија во Минхен, а во 2011 г. поминува професионален престој во Германскиот археолошки институт во Истанбул, Турција.

Учествувала на бројни симпозиуми и конгреси:

2015 Меѓународна конференција Идентитетот и власта кај христијанставата во развој во Мала Азија и во Грција, Теолошки факултет, Хумболт Универзитет, Берлин, со рефератот Стоби во доцната антика: епиграфски сведоштва.

2014 XXIII Симпозиум на МАНД, Виница, со реферат: Епиграфски истражувања во Источна Македонија.

2013 Симпозиум Romanising Oriental Gods? Religious transformations in the Balkan provinces in the Roman Period. New Finds and novel perspectives, МАНУ, со реферат: Epigraphical traces of oriental influences in Upper Macedonia in Roman Times.

2012 XXII Симпозиум на МАНД, Дојран, со реферат: Просопографија на Стоби – нови согледувања.

Здружение на класични филолози „Антика“, со предавање „Личните имиња на античките натписи од Македонија“.

2011 Втор меѓународен симпозиум за археологија Mortiu vivos docent, Банско, Струмица, со реферат: Meaning of the grave monuments in Macedoniain Roman times.

Меѓународна конференција во чест на 100 години од раѓањето на М.Д.Петрушевски, Скопје, МАНУ, со реферат: Нови антички натписи од Македонија.

2010 XXI Симпозиум на МАНД, Струмица, со реферат: Необјавени антички натписи од Македонија.

2008 XX Симпозиум на МАНД, Кичево, со реферат: Тиквешка група надгробни стели – епиграфска анализа.

Летна школа за конзервација на мозаици, Стоби, 2008, со предавање Епиграфски сведоштва за Стоби.

2007 XIII меѓународен симпозиум за грчка и латинска епиграфика, Оксфорд, Велика Британија, Personal Names in Eastern Paeonia in Roman Times.

Археолошка летна школа Вардарски рид, со предавање: Епиграфски сведоштва од Македонија.

2006 Научен собир 60 години Институт за класични студии во Скопје: Антиката и европската наука и култура; Романизацијата во Горна Македонија и Пајонија според епиграфските извори.

Денови на археологијата во Пиран, Универзитет во Приморска, со реферат: Епиграфски споменици од Тиквеш.

XIX Симпозиум на МАНД, Делчево, со реферат: Романизацијата на населението во Пајонија според епиграфските извори.

Од 2004 год. е член на Македонското археолошко научно друштво и на Здружението на класични филолози „Антика“.

***Научноистражувачка дејност***
***Монографии:***

Inscriptiones Stoborum, Студии за старините на Стоби, Стоби, 2012.

Книгата претставува целосен преглед на сите досега објавени натписи од Стоби, но се вклучени и анализирани и бројни досега необјавени натписи. Напишана на англиски јазик, оваа монографија на извонреден начин ги дополнува досегашните научни сознанија за античкиот град Стоби.

Епиграфски споменици од Република Македонија датирани според македонската провинциска ера. Скопје, 2005.

Оваа монографија е, всушност, преглед на натписите и камените споменици од Р. Македонија, кои на себе го носат датумот на своето настанување. Со нивната анализа и прецизно датирање тие добиваат вредност на веродостоен историски документ.

***Статии:***

- 2015 Epigraphic traces of oriental influences in Upper Macedonia in Roman Times, Acta of the Symposium Romanising Oriental Gods? Religious transformations in the Balkanprovinces in the Roman period, New finds and novel perspectives, МАНУ, Скопје 2015.
- New notes on the prosopography of Stobi, Студии за старините на Стоби, том 4, во печат.
- Stobi in late antiquity, epigraphic testimonia. International Conference, Authority and Identity in Emerging Christianities in Asia Minor and Greece, Faculty of Theology at Humboldt (во печат).
- 2012 Нови натписи од Македонија, Жива антика, монографија бр.10, Скопје 2012
- 2010 Salona IV, Inscriptions de Salone Chretienne IV-VII e siecles (vol. I, II), Rome-Split 2010.
- 2010 За датирањето на тиквешката група надгробни споменици, Патримониум МК, 9, Скопје.
- 2009 Romanization in Upper Macedonia and Paeonia according to the epigraphic sources, Прилози од научниот собир одржан по повод 60 години од Институтот за класични студии, Скопје, 2006.
- 2008 Personal names on the territory of Paeonia in Roman Period, ЖА 58, 2008.

Сите трудови на д-р Славица Бабамова-Јаниќ претставуваат оригинални научни студии од областа на епиграфијата. Таа е посветена на проучување на епиграфските натписи од Р. Македонија од римскиот период, со што дава значаен научен придонес и за научните истражувања од областа на историја и археологијата.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Лидија Ковачева** е родена 1970 год. во Скопје. Дипломира на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје во 2004 год, со просек 8.07. Постдипломските студии ги завршува во 2008 год. на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје, со одбрана на магистерскиот труд „*Посмртните ритуали и есхатолошките претстави кај старите Грци и во македонската народна традиција*“. Докторира на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје во 2011 год., со одбрана на тезата „Обредната симболика во антиката и во македонската народна традиција“.

Од 1991 до 2013 год. работи на различни работни позиции во претпријатието Македонски железници Транспорт, АД Скопје, а од 2012 г. до денес работи на Универзитетот Евро-Балкан Скопје, како насловен доцент по предметите Античка историја на Балканот и Историја на уметноста.

Активна е како соработник во разни списанија, учествува на различни културни манифестации, а бележи учество на бројни симпозиуми и научни конференции во земјава и во странство.

2015 International Congress of Science and/or religion, a 21st Century Debate, The Science and Religion Debate in Current Social Context, Paper title, Interpreting and Comparing the

presentations of Hermes in Ancient Greece and Archangel Michael in Macedonian Folk Beliefs.

XXXVI Annual Meeting of the Serbian Archaeological Society, Pirot, со реферат: Научните евиденции за магиски предмети и амајлии, како ново светло врз древните магиски концепти и пракси кај античките народи и во македонската народна традиција.

Симпозиум на Здружението на класични филолози на Македонија, со текст: Синхронизација на античките со современите календари.

2014 International Arhaeology Day 2014, презентација на тема: Форми на фаталистички верувања кај античките Македонци.

2014 Меѓународен научен симпозиум Денови на Јустинијан II, Самуил и Византија. Историја, легенда, традиција, наследство, со реферат: Астрологијата како метод за осознавање на иднината. Космички детерминизам versus средновековните црковни догми.

2014 Меѓународен ден на археологијата, презентација на ЦД: Форми на фаталистички верувања кај античките Македонци.

2014 European Symposium of Religionon, Art, Restoration & Conservation, Florence, Italy, Paper Title Comparative Analysis of fatalistic Beliefs in the Prophetic Customs of Ancient Societies and the Republic of Macedonia.

2013 Меѓународен научен симпозиум Денови на Јустинијан I, Македонија и Балканот во византискиот комонвелт, со текст: Гемеалошки аспекти на магиските обреди и нивните рудименти кај балканските народи и во македонската народна традиција.

2013 Меѓународен ден на археологијата, презентација на ЦД: Антички македонски календар.

2012 Летни академски разговори: предавање на тема: Астрологијата и формите на претскажување кај древните народи.

2011 Меѓународна конференција 100 години од раѓањето на академик Михаил Д. Петрушевски, МАНУ, со реферат: Потеклото и застапеноста на караконџол во балканските народни верувања.

Учествува и е носител во повеќе проекти од областа на културата како носител, рецезент или учесник.

Коавтор е на два учебника за средно насочено образование: Културно-историско наследство за втора година и Културно-историско наследство за трета година за Угостителско-туристичка струка, хотелско-туристички техничар.

***Научноистражувачка дејност***
***Монографии:***

2014 Речник на македонските народни празници, обичаи и верувања, Скопје, 2014.

2013 Астрологија во антиката, Вавилон, Египет, Античка Македонија, Стара Грција, Стар Рим, Скопје, 2013.

2011 Симболизмот во празниците кај старите Грци и во македонската народна традиција, Скопје, 2011.

2009 Посмртните ритуали и есхатолошките претстави кај старите Грци и во македонската народна традиција, Скопје, 2009.

Статии:

Застапеноста на црната боја во митологиите и религиите кај старите народи. Patrimonium, Скопје, 2008.

Верување во животинскиот говор како предзнак на смртта кај старите Грци и во македонската народна традиција. Patrimonium, Скопје, 2009.

Толкување на старогрчките календари, наспроти трипартитна поделба на античкиот календар, Patrimonium, Скопје, 2010.

Античкиот македонски календар, Patrimonium, Скопје, 2011.

Култот на мртвите во старогрчката и македонската народна традиција, Patrimonium, Скопје, 2012.

Потеклото и застапеноста на караконџол во балканските народни верувања, ЖА Монографии, 10, Скопје, 2012.

Обредната симболика во летните празници во Атика и во македонската народна традиција. Patrimonium, Скопје 2013.

The funeral customs in Greece and on the territory of the Republic of Macedonia, South East European University Review, Vol. 9, 2013.

Фаталистички верувања во мистериите и претскажувањата во Античка Македонија, Patrimonium, Скопје, 2014.

Comparative Analisys of Fatalistic Beliefs in the Prophetic Customs of ancient Societies and the Republic of Macedonia, European Journal of Science and Theology, 2015.

Кандидатката наведува уште и наслови на десетина статии и книги кои се во фаза на подготовка или се предадени за печатење.

Голем дел од научноистражувачкиот опус на д-р Лидија Ковачева се однесува на проучувања тесно поврзани со митологијата на старите Грци и компарирање на тие верувања со верувањата и обичаите во сочувани во македонската народна традиција. Еден дел, пак, е посветен на проучувањата поврзани со античките календари, како и нивна синхронизација со современите. Тоа се оригинални научни трудови, но сепак далечни од полето на проучување на класичната и теоретската археологија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата констатира дека трите пријавени кандидати на конкурсот се афирмирале во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Д-р Љубен Тевдовски е единствениот кандидат на овој Конкурс со диплома за доктор по археологија. Ова и неговото претходно образование во областа на археологијата и неговиот специфичен научноистражувачки фокус го издвојува овој кандидат како најсоодветен избор за наставник за наставно-научната област класична археологија: грчка и римска култура, римска провинциска култура и теорија на археологијата.

Кандидатот д-р Љубен Тевдовски ги исполнува сите суштински и законски критериуми, како и критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за да биде избран за наставник во наставно-научно звање доцент на Факултетот за образовни науки на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатот има соодветно образование и се афирмира преку наставно-образовна, научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност. Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да го избере д-р Љубен Тевдовски за наставник во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област класична археологија: грчка и римска култура, римска провинциска култура и теорија на археологијата на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**д-р Марјан Јованов, вонреден професор, претседател,**
**д-р Драги Митревски, редовен професор, член,**
**д-р Антонио Јакимовски, доцент, член,**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. б. 1** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **1.** | Научна книга Cultural Diplomacy – An Essential and Creative Component in the Toolkit of Contemporary Diplomacy – Macedonian Information Centre, Skopje, Macedonia, 2009 | 1 | 10 | | | 10 |
| **2.** | Прегледен труд (1,9) | 2 | 10 | | | 20 |
| **3.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во ЦА (2,3,4,6,8,10,15) | 4 | 6 | 3 | 6 | 42 |
| **4.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во останати (12,13) | 2 | 3 | | | 6 |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (5, 7) | 2 | 1 | | | 2 |
| **6.** | Одржано предавање по покана од научна институција University of Western Ontario (UWO) March 21, 2012. | | | 1 | 3 | 3 |
| **7.** | Учество на научен собир со реферат (усно),: International Scientific Conference of the Faculty of Educational Sciences 24-25 September Shtip | 1 | 1,5 | | | 1,5 |
| **8.** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| **9.** | Одбранет магистерски труд | | | 1 | 4 | 4 |
| **10.** | Учесник во научни проекти: „Античкото кралство Македонија во Република Македонија“ 2004-2006 „Давина кула –Чучер“ 1999-2000 | 2 | 2 | | | 4 |
| **11.** | Член на уредувачки одбор на научно списание ЦА (Macedonian Heritage) | 1 | 2 | | | 2 |
| **12.** | Студентски престој во странство: Валета, Малта | | | 1 | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **110,5** |
| **Р. б.2** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Поглавје од книга: Developing EVS Projects between Partners from European Union and South East Europe – SALTO –YSEERC, Ljubljana, Slovenia, 2006 | | | 1 | 7 | **7** |
| **2.** | Труд во стручно списание MFPJ Crossroads, Skopje | 1 | 2 | | | **2** |
| **3.** | Член на уредувачки одбор на стручно списание MFPJ Crossroads, Skopje (11) | 1 | 0,5 | | | **0,5** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | Учесник во научни проекти:<br>„Античкото кралство Македонија во Република Македонија“ 2004-2006<br>„Давина кула –Чучер“ 1999-2000 | 2 | 5 | | | **10** |
| **5.** | Техничко унапредување:<br>Сертификат за компјутерска и информатичка обука, Тренинг за јавно говорење (Будимпешта, Дрезден), УНЕСКО тренинг за менаџмент во културата (Пловдив, Будимпешта) | 1 | 2 | 1 | 2 | **4** |
| | Член на универзитетски или владини тела: член на Работната група за образование и култура за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство на Република Македонија во Европската унија | 1 | 5 | | | **5** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **28,5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **139** |